МЕДИУМ
весник за сите средношколци
Четврток, 26.3.2015; година III; бр. 19
www.medium.edu.mk

## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

### ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ПСИХОФИЗИЧКИ ЗДРАВА НАЦИЈА?



фото: Маја Јаневска - Илиева

# Спортски терени имаме, треба само да заиграме

**Од часовите по физичко, па сè до приватните дружења на спортските терени и професионалното занимавање, спортот е присутен помеѓу средношколците, меѓутоа постојат и места каде што тинејџерите ги имаат сите потребни услови и капацитети, но им недостига интересот да бидат спортски активни. Од друга страна, пак, истражувањата покажуваат дека за здрава психофизичка нација, покрај спортувањата, потребна е и правилна исхрана**

Тоа беа времиња кога имав повеќе слободно време, се дружевме со соучениците. Договаравме термини, се собиравме, игравме, се забавувавме и се смеевме, но истовремено и се натпреварувавме и учевме да бидеме тимски играчи. Бидејќи сме од мало гратче, во училиште секој со секого се познаваше, но на тренинзите имав можност подобро да се запознаам и со оние со кои во училишните ходници и не бев толку блиска. Со тренинзите започнав уште кога бев во прва година средно и продолжив со нив сè до крајот на четвртата година. Се сеќавам дека пред јас да станам средношколка, ја отворија спортската сала, која е и единствената, па мотивацијата да тренираме ни беше уште поголема, раскажува Петранка Михаиловска од Пехчево, која од средношколските клупи излегла пред три години.

Таа тренирала ракомет, а покрај за овој спорт другите средношколци од нејзиниот град имале можност да ги посетуваат и секциите за фудбал, кошарка и аеробик. Меѓутоа, денес сликата во една од најмалите општини во Република Македонија е сосема поинаква.

„Порано имаше, но денес таквите работи не постојат“ беше одговорот кој го добивме од неколкуте млади луѓе што ги прашавме колку спортот во овој град е популарен и дали тој е дел од нивното секојдневие.

Во Пехчево има една спортска сала, која беше отворена во почетокот на учебната 2007/2008 година, и тогаш беше предадена во употреба на тамошното основно училиште „Ванчо Китанов“, но за потребите за часовите по физичко ја користат и средношколците. Спортската сала „Јане Сандански“ е втората од проектот на Владата и на Агенцијата за млади и спорт „35 спортски сали“. Покрај неа, реновирано е и старото бетонско спортско игралиште на отворено.

стр. 5



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ
САШКО КОЦЕВ, АКТЕР

**Едвај чекав да завршат часовите за да отидам во театар**

стр. 3



ГОРАЗД СРБЉАК, УЧЕНИК ВО ПСУ „АЛГОРИТАМ“, СКОПЈЕ

**Половина средношколец, половина тениски првак**

стр. 6

СОВЕТУВАМЕ



**Безбедни практики за е-трговија**

стр. 8

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA
ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## УВОДНИК



**Јана Станоеска, професорка во СУГС „Браќа Миладиновци“, Скопје**

# „Да“ за родова рамноправност

Кога ќе седнеш да пишуваш за средношколски весник како што е „Медиум“, навистина треба да подзастанеш и да размислиш за прашањето: што е она што би ги интересирало нашите ученици? Темите како технологија, едукација, Интернет, забава се редовни на нивното мени. Па затоа решив во мартовскиот број да „сервирам“ нешто што се заборава, а е добро постојано да го имаме на ум – родова рамноправност.

Различното однесување, желбите и потребите на жените и на мажите кои се еднакво важни се дел од дефиницијата за родова рамноправност. Имплементирањето на родовата еднаквост подразбира целосно претставување и партиципација без разлика на родот во сите сфери на животот, како што се социјалната, економската, политичката и културната. Тука мора да се спомене проектот на Обединетите нации за Милениумските развојни цели како и Европскиот институт за родова еднаквост, основан во 2007 година. На овој начин се утврдува и се зацврстува постоењето на родовата еднаквост насекаде низ светот. Се формираат сè повеќе тела, организации, комитети кои зборуваат за родовата рамноправност, за сузбивање на дискриминацијата на сите нивоа и за потребата од постојано образување.

До овој момент постојат многу научни достигнувања, телекомуникациски усовршувања и безброј изуми. Би било одлично ако светот ниту еднаш не се запраша дали тоа го сторил маж или жена. Единствено да се заблагодари за стореното, затоа што само на тој начин човештвото ќе се развива во вистинската насока. Постојат капацитети за запазување на родовиот концепт, но мора континуирано и напорно да се работи за да се постигне она што го поседувала Шведска во 80-тите години на 20 век.

# „Каревјанци“ е најдобра групна маска на Струмичкиот карневал

Маската „каревјанци“ на карневалската група од средното училиште „Никола Карев“ од Струмица го освои првото место на Струмичкиот карневал во категоријата групна маска. Околу 90 средношколци од македонска и турска етничка заедница три месеци ги шиеја костимите, ги украсуваа со детали и ја усовршуваа кореографијата за сценскиот настап.

- Креацијата ја изработувавме надвор од училишните активности и токму тоа придонесе за поголеми дружења и размена на мислења и идеи. Но кога се работи со голема желба и љубов, а и со голема поддршка од наставниците работата воопшто не е тешка. Напротив, ни претставуваше задоволство и голем предизвик. На тој начин ги рушиме предрасудите и бариерите помеѓу различностите, бидејќи сите сме ученици во истото училиште - велат средношколците кои учествуваа во изработката на маската.

Училиштето „Никола Карев“ веќе четврти пат по ред е првонаградено на Струмичкиот карневал, што, како што велат учениците, им претставува поттик за подобра маска секоја наредна година.

**Ице Белчиев, СОУ „Никола Карев“, Струмица**



# „Георги Димитров“ одбележа половина век образование

Педесет години напорна работа, педесет години многу љубов и вложен труд, педесет години истрајност и посветеност на работата, на генерациите кои минувале, кои минуваат, педесет години успех и белег во општеството. На втори март многу ученици, наставници, вработени и гости ја наполнија салата на Драмскиот театар во Скопје и со насмевки на своите лица го прославија јубилејот на средното училиште „Георги Димитров“. На одбележувањето на патронот празник учествуваа учениците од прва до четврта година со музика, танц, глума и рецитација.



Тоа е училиште во кое минале безброј генерации, училиште во кое созреале многу другарства, љубови, училиште од кое излегле успешни луѓе. Сите успеси, сите признанија и постигнати резултати се дело на нашите ученици, на нивните наставници, на вработените, на стручните соработници, на директорот. Со гордост можеме да кажеме дека сме едно од најдобрите училишта во државата од кое произлегуваат прогресивност и идеи, како и млади и успешни луѓе креатори на иднината, беше речено на свечената академија.

„Георги Димитров“ е основано во 1965 година, а во 70-тите години веќе е најелитна скопска гимназија во која е формирана и првата специјализирана математичка паралелка. Денес во ова училиште, освен гимназиско образование, има и две струки - техничар за мебел и ентериер и техничар за хортикултура и пејзажна архитектура.

# Хумана акција на учениците од „Јосип Броз-Тито“

Дека хуманоста нема етничка боја и дека секому треба да му се помогне кога му е најпотребно со уште еден пример докажаа средношколците од скопското училиште „Јосип Броз-Тито“. Во почетокот на овој месец беше организирана тридневна хуманитарна акција посветена на 20-годишната Сенада Исовска од дебарското село Могорче, на која и е потребен хируршки зафат, што чини 123.000 денари, за протеза на окото во Европската очна клиника во Скопје. За времетраењето на акцијата во училишниот хол беше поставена кутија за донации во која сите ученици и професори можеа да остават доброволен прилог. По завршувањето на акцијата беа собрани 9.810 денари и испратени на сметката на Сенада Исовска. Учениците од СУГС „Јосип Броз Тито“ ѝ посакуваат на Сенада многу среќа и добро здравје.



# Уметнички души, научници и разиграни срца на „Свирложба IV“

Оваа година, по четврти пат, скопската гимназија „Никола Карев“ ќе ги сплоти во едно средношколците со различни интереси и таленти, како и луѓето од сите генерации на единствен и креативен начин. Во скопската гимназија, на 4 април ќе се одржи „Свирложба“, на која се добредојдени сите оние кои знаат да уживаат во одличната атмосфера и разните изведби кои каревци ги подготвуваа со полна пареа во изминативе шест недели.

- Нашата цел е на уникатен начин да изнудиме насмевка на сечие лице и се разбира, да ги покажеме нашите знаења и таленти – вели ученичката Бојана Невеселова, една од најактивните организатори на овој спектакл.

Учениците од јазично-уметничко подрачје, кои се наедно и главни организатори на настанот, кажуваат дека годинешната „Свирложба“ со тема „Експеримент“ е малку поинаква од претходните, но не сакаа да откријат во што е разликата и што подготвиле.

- Овој пат сакаме да доловиме нешто ново и повозбудливо, па затоа не сакаме многу да зборуваме и подетално да ги опишеме изведбите. Можеме само да кажеме дека покрај уметничките души, годинава ќе се обидеме да ги импресионираме и хемичарите – раскажуваат организаторите.

Каревци искрено се надеваат дека овој настан ќе премине во посебна традиција на гимназијата и со големо задоволство ги покануваат сите да бидат дел од него.

**Емили Христополу, 3-7 СУГС „Никола Карев“, Скопје**



# Балони за толеранција

Биди толерантен!, Сакај ги сите!, Имај соживот! беа некои од пораките испишани на балоните со кои средношколците од „Орде Чопела“ испратија јасни пораки против говорот на омраза во центарот на Прилеп. Тие испуштаа бели балони со позитивни изјави и црвени балони со негативни изрази.

- Изведбата е граѓански одговор на говорот на омраза во услови кога сите имаме право на избор да го искажеме своето мислење. Нашата акција, симболично, преку избирање бел балон со порака на толеранција ги поттикна граѓаните да размислуваат и да испраќаат позитивни пораки - вели педагогот Тереза Златеска-Трајкоска, која заедно со професорката Јасмина Петреска беа иницијаторки и организаторки на настанот.

Целта беше да се укаже на потребата од толеранција, соживот и меѓусебно почитување кон сите луѓе без разлика на професијата, возраста, националноста и етничката припадност.

**Елизабета Пиргханоска, професорка по македонски јазик и литература во СОУ „Орде Чопела“, Прилеп**

# Меѓуетничка интеграција на часовите по Бизнис и претприемаштво

Матуранти од македонски и од албански наставен јазик од средното училиште „Браќа Миладиновци“ предлагаа маркетиншки активности за одреден производ на часовите по предметот бизнис и претприемаштво. Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција, учениците најпрво ги совладаа поимите на маркетиншките инструменти, па потоа работеа во мешани тимови и даваа идеи за различни производи. Учениците пројавија желба за реализација на вакви часови и во иднина.



**Коста Гочев и Реџеп Салиаси, професори во СУГС „Браќа Миладиновци“, Скопје**

# „Полнолетна“ изложба на матурантите од меѓународната матура

Оригиналност и креативност прикажана преку најразлични уметнички творби, скулптури и инсталации ја сочинуваат изложбата на 12 матуранти од меѓународната матура (IB) од скопската гимназија „Јосип Броз Тито“. На 12 март, во националната галерија „Мала станица“ тие ја организираа 18-та „полнолетна“ изложба, која учениците ја работеа две години. Средношколците ги изработија творбите и креациите како самостојни проекти во рамките на завршниот испит по предметот визуелни уметности, под менторство на професорката Ангелина Дамјаноска-Наумоска.

Медиум

**Уредник на „Медиум“:** Дејан Андонов, 02/30 90 004
**Дизајн и техничко уредување:** Марија Чундева
**Веб:** Александар Делчевски
**Лектор:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел: (02) 5511727
**Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
www.medium.edu.mk; е-адреса: medium@medium.edu.mk

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.
Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.
Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

## Како до вистинска фотографија?

Вие имате добро око и гледате добри слики, но тие едноставно не се регистрираат на вашиот фотоапарат. Една добра фотографија може да предизвика емоции поголеми од илјада зборови, но како до вистинска фотографија? Курсот по фотографија ќе ви овозможи да ги научите основните елементи и техники во фотографијата, но и ќе ја поттикне вашата креативност и ќе ја реши дилемата како идејата да ја пресликате на фотографија. Курсот е наменет за ученици почетници, со и без искуство за фотографирање. Програмата предвидува знаења и вежби за совладување на основните елементи на фотографијата од технички и од креативен аспект и ќе ви помогне да го видите светот од една поинаква перспектива. Ќе научите како правилно да го користите фотоапаратот, да „играте“ со светлото, боите, композицијата, како да изработите портрет, фичер, фотографија од патувања и како да работите со фотошоп. Раскажете ја вашата приказна низ фотографија! Пренесете ја пораката низ слика! Повеќе информации за курсот ќе најдете на www.vs.edu.mk/kursevi.

Д.А.

## ФАЦА НА МЕСЕЦОТ



САШКО КОЦЕВ, АКТЕР

**Еден од најпопуларните актери на македонската сцена и човекот кој секогаш знае публиката да ја насмее до солзи, Сашко Коцев, во интервју за „Медиум“ се навраќа на своите средношколски денови и зборува за почетоците на својата кариера. Сонувач, со немирен дух и зависник од аплауз, кој откога знае за себе е вљубен во театарот**

# Едвај чекав да завршат часовите за да отидам во театар

**Медиум: Што во моментов е актуелно кај Сашко Коцев и што можеме да очекуваме во блиска иднина?**

Сашко: Во моментов сум во исчекување на премиерата на новиот филм во српска продукција „Ќе бидеме светски прваци“, каде играм една мала епизодна улога. Исто така, овој месец почнува и снимањето во Србија на серијата на истото сценарио. А во театар подготвувам две претстави, очекувајте ги некаде околу средината на април. Има уште неколку филмови во најава, но тоа се само преговори, па не можам да откријам ништо повеќе.

**Медиум: Март е месец на театарот, па сигурно имаш многу изведби на различни претстави. Тешко ли е истите ликови повеќе пати да се изведуваат одново? Како ги будиш истите емоции?**

Сашко: Секогаш најголемиот проблем не е да се потсетиш на текстот туку на атмосферата на претставата, на концептот што го спроведувал режисерот за време на пробите и тоа што сакаме да кажеме со претставата која се игра вечерта. А понекогаш се шегуваме со колегите дека е најважно да го погодиш костимот од претставата која се игра вечерта, другото е лесно (ха ха ха...), затоа што, еве сега, од 20 март до крајот на месецот имам претстави секој ден и тоа секој ден различна. Е тоа се најтешките моменти за актерот, секој ден различна претстава, и тоа една по друга.

**Медиум: Си имал ли некоја тешка улога која ти била предизвик да ја совладаш и изведеш на сцена или, пак, некоја омилена во која лично се препознаваш?**

Сашко: Секако, секоја улога е тешка на свој начин и тешко се стигнува до успешен резултат. Е сега, некои улоги се поблиску до мојата природа и моето однесување во приватниот живот, па тие се некако полесни и побргу ги совладувам. А некои треба многу време дури ја разберам нивната природа и нивниот живот. Главно е дека секогаш се трудам тоа да биде одработено до најситен детаљ и секогаш да се гордеам со претставата, а не да ја избегнувам.

**Медиум: Каде црпиш инспирација за стендап и како се осмислува сценариото за„Златна бубамара“, дали е сè однапред планирано или има и моменти на импровизација?**

Сашко: Инспирацијата е насекаде, во муабетите кои се водат на маса со другарите, на многуте телевизиски програми, сопствениот бурен живот, сообраќајот по улиците, животните навики на еден човек, религијата итн. Сепак, сето тоа е погледнато низ мојата призма и кажано со мои зборови. Сценариото и стендап-парчињата преживуваат многу чешлања и преправања за време на подготовките заедно со тимот. Секако, има и мала импровизација која е составен дел на стендап-перформансот, но сепак, тоа е само 10 отсто од целиот перформанс.

**Медиум: Сашко, веќе долго време си на театарската сцена, се сеќаваш ли кога првпат застана на неа и какво било чувството тогаш?**

Сашко: Па, ако ги изоставиме приредбите на патронатите на основното училиште, тогаш, првата претстава ми беше во декември 1994 година, во Домот на културата во Куманово. Се чувствував како да сум скокнал со салто во вода, не знаев каде е дното на базенот, а каде е површината на водата. Во главата матно, а нозете пресечени. Важно е дека испливав до првиот аплауз. Оттогаш сум зависник од аплаузите и воопшто не помислив да работам нешто друго.

**Медиум: А што ќе беше Сашко ако не беше глумец?**

Сашко: Ау, ова не сум го размислувал од петто одделение, кога и одлучив дека ќе бидам глумец. Ќе морам да се присетам. Мислам дека ќе бев лекар. Омилено нешто ми беше делот од биологија кој се вика анатомија. Да, дефинитивно лекар. Веројатно затоа се заљубив во докторка.

**Медиум: Имаат ли младите навика да одат во театар и дали имаат театарска култура?**

Сашко: За наша среќа многу, и тоа ме радува. Имаме секаква публика, а младата публика ги гледа, буквално, сите претстави, додека повозрасната е малку поселективна. Додека бев студент се плашев дека нема кој да ги погледне нашите дела и тие нема да имаат долг век на гледаност, но со текот на годините тоа видно се измени.

**Медиум: Каков беше Сашко како средношколец?**

Сашко: Сонувач, со немирен дух, а и мошне отсутен. Со мислите накај театарот, и едвај чекав да завршат часовите за да претрчам до театарот кој беше во близина за да гледам некоја проба и да се препуштам на тој имагинарен свет, во кој репликите од драмите се оживуваат на сцената и стануваат една реалност, прозвучуваат живо, свет што се вика ПРЕТСТАВА.

**Медиум: Дали се сеќаваш на некоја интересна случка од средношколските денови?**

Сашко: На екскурзија низ Македонија во трета година, во автобус свирев гитара. Третиот ден сите беа заспинати, буквално, а јас имав репертоар од едвај седум-осум песни. Па сега си мислам, колку пати сум ги отсвирил песните штом сите беа заспинати од пеење.

**Медиум: Што ќе им порачаш на средношколците?**

Сашко: Па, нормално, сите петки (ха ха ха...). Да ги слушаат мама и тато, да не пијат алкохол, да не се дрогираат, да не се презаљубуваат, да не остануваат до многу доцна навечер, да читаат книги, здраво да се хранат, да спортуваат, да не седат премногу на компјутер. А, знам дека сакат сè обратно од ова, ама ете, тоа е таа вечна борба. И секако, да уживаат во секој средношколски ден и во секое спиење на клупа во последните редици, во секој украден поглед со симпатијата на голем одмор, во секоја караница со најдобриот другар/ка, во секоја четворка, затоа што тоа нема цена, а и никогаш не се повторува.

**Репортер: Ирена Каревска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**



## ДВА НА КВАДРАТ

ИЛИЈА КАРАДАКОВСКИ, ПРОФЕСИОНАЛЕН ТАНЦУВАЧ

### Танцот е темел на другарство



**Медиум: Што те мотивираше да станеш професионален танцувач?**

Илија: Најголема мотивација ми беше Мајкл Џексон. Кога го гледав на спотови тоа ми беше првата допирна точка со танцот. Како мал немав многу услови, но на осумгодишна возраст се запишав на игроорна, а кога почнаа да се држат часови по латино танци и хип-хоп, почнав да ги посетувам и оттогаш не сум размислувал да престанам. Од 18 години започнав со модерните танци, со кои денес се занимавам професионално. Искуството на Танцот со ѕвездите ми е врвно достигнување. Тоа ќе ви го каже секој што танцува со години, затоа што Танц со ѕвездите е најпознатото телевизиско шоу кое се емитува во повеќе од 40 земји. Шоуто беше нешто ново за нас, и фала богу што на ТВ-екраните се емитуваше нешто друго освен турска серија. Многу големо искуство, добра дружба помеѓу танцувачите, заедно со ѕвездите, како и со продукцијата.

**Медим: Каков совет би им дал на младите и како би ги поттикнал да се запишат на танц?**

Илија: Танцот е многу убава работа, за мене претставува задоволство кога ќе се појавам пред огледало и кога ќе започнам да танцувам. Денес девојчињата се тие кои го негуваат танцот повеќе од момчињата, но тоа не е причина да започнат и тие да се занимаат со тоа. Бидејќи танцот е темел на другарството, мојот совет кон срамежливите и неодлучни момчиња е следниов: ако сакате да запознаете добри девојчиња, запишете се на танц.

**Авторки: Сандра Цветаноска и Сара Душкоска, ученички во СУГС „Јосип Броз-Тито“, Скопје**

ИРИНА ТОШЕВА, МОДНА КРЕАТОРКА

### Има време да бидете тетки



**Медиум: Кои се твоите последни ангажмани во пресрет на новата сезона?**

Ирина: Во моментов ја подготвувам мојата нова колекција пролет/лето 2015, која ќе биде претставена на Модниот викенд во Скопје и на Модната недела во Љубљана, Словенија. Подготовките траеја два месеца, а моментално се завршуваат последните детали околу снимањето на едиторијалот. Започнува и сезоната на матурите, па по ревијалните претставувања ќе бидам целосно посветена на нив.

**Медиум: Како гледаш на модниот вкус на денешните средношколци и направи мала споредба со твоите школски денови.**

Ирина: Ме радува што гледам дека средношколците се сè повеќе модно освестени. Тоа е најубавиот период за експериментирање и пронаоѓање на сопствениот стил. На таа возраст во мојот плакар имаше сè и сешто. Од најлежерните парчиња за на настава, најфлуоресцентните облеки за на журки, најцрните маици за на свирки. И ден денес знам да облечам некои од нив. Од новите генерации им замерувам само на оние кои непотребно додаваат десетина години плус во својот изглед. Има време да бидете тетки. Убавината е секогаш во едноставноста и во природноста.

**Автор: Марио Додовски, студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## БЛИЦ-ВЕСТИ

### „Ѕвездени војни: Епизода VII“ е најочекуваниот филм во 2015 година

Филмот „Ѕвездени војни“ оваа година повторно се враќа на сцената и се очекува да привлече милионска гледаност. Во него повторно ќе глумат старите актери кои се прославија со „Ѕвездени војни“ во 70-тите години на минатиот век, вклучувајќи ги Харисон Форд и Кери Фишер. Исто така, другиот дел од актерската екипа го сочинуваат новопрославените Адам Драјвер и Донал Глисон. За голем број обожаватели на овој филм беше големо разочарување тоа што славниот режисер Џорџ Лукас нема да го режира овој дел, но многумина сметаат дека тоа нема да има пресудно влијание врз филмот како производ.

Љ.Н.

### Зелениот чај е добар за нашето здравје



Зелениот чај е многу повеќе од зелена течност. Тој содржи биоактивни компоненти, од кои најмоќен е „епилагоцетахин галат“, кој во повеќе истражувања покажал позитивни резултати кога станува збор за лечење болести. Исто така, тој содржи и минерали кои можат позитивно да влијаат врз нашето здравје. Од таа причина, зелениот чај се смета за особено важен дел од нашата исхрана и се препорачува да се пијат од две до три чаши од овој чај секојдневно.

Љ.Н.

### Мајами го има најдоброто диско

Интернет-страницата nightclub.com, којашто секоја година објавува кои клубови заслужуваат да бидат прогласени за најдобри, овојпат го одбра „Стори“, во Мајами, за најдобар ноќен клуб. Добивањето на оваа награда значи дека клубот или кафулето што ја добило, успеало позитивно да се покаже на повеќе полиња, особено при менаџирањето и иновативноста. Од другите категории, за најдобра пивница е одбрана „Неиберхуд“ во Сан Диего, а за најдобар ресторан „Бјути и Ессекс“ во Њујорк.

Љ.Н.

КАДЕ БЕВМЕ?

# „Орце Николов“ се подготвува за нов јубилеј



„Јас имам став“ е темата на големата дебата што се подготвува деновиве во гимназијата „Орце Николов“. На нозе, со идејата да се претставиме во најдобро светло. Затоа што ова е година на нашата гимназија. Училиштето слави јубилеј. Цели 60 години кои деновиве треба да се вклопат во една целина, во една слика, во една генерација.

Деновиве училиштето се подготвува за настанот. Секој ученик има своја задача - да го претстави училиштето онака како што личи. Во секоја училница „се работи“. Хорот распеан и подготвен за настап, младите инженери во идејата за дизајн на она што ќе биде презентација на училиштето, „роботичарите“ во научна мисија да го обликуваат најмладиот ученик на „Орце“ - роботот Орце, најоригиналното идејно решение на младите научници. И не само тоа, дваесетина ученици од драмската секција привршуваат со мјузиклот „Родригез“. Ќе се игра и ќе се пее.

Истовремено, во училниците се случуваат работилници за сè што е во интерес на младите - читање, пишување, говорење, шминка, мода, креации. Сè што е во чекор со новото време.

Затоа што „Орце Николов“ не е само училиште. „Орце Николов“ е собиралиште на младите умови, средба на младите бунтовници, сцена за уметност, музика и театар, спортски центар со најмногу освоени награди, културен и креативен предизвик за секого.

Да се биде „Орце Николов“ е привилегија за секој ученик. „Орце Николов“ е начин на однесување, стил, идентитет и култура на живеење.

**Автор: Филип Бранимир Букшиќ, II–6, СУГС „Орце Николов“, Скопје**



# Фарма, пластеник и интернат во светиниколското училиште „Кочо Рацин“

Сè што ќе произведеме во нашиот пластеник го продаваме и потоа тие пари се вложуваат во училиштето. Фармата, пак, им е од голема помош на учениците кои таму ја извршуваат својата практика. Има каде да работат и да научат повеќе. Вака Симона Гоцева, средношколка од училиштето „Кочо Рацин“ од Свети Николе опишува колку им се од помош училишната фарма и пластеникот. Оваа ученичка на насоката агроменаџмент практиката ја извршува на училишниот имот, кој располага со осум хектари земја, а училиштето поседува и комплетна земјоделска механизација. Со сето ова, училиштето во Свети Николе е едно од училиштата во Македонија кое нуди најголема можност за практична настава на учениците. Тие ги имаат сите потребни услови за усовршување во ветеринарството, фармерското производство, хортикултурата, агроменаџментот и во машинската струка.





„Одгледуваме домати, краставици и марула. Професорите навистина се залагаат за пластеникот и со нивна помош во последниве две години училиштето многу напредува“, вели Иван Нацевски, ученик во четврта година на насоката агроменаџмент.

Во „Кочо Рацин“ во Свети Николе учат и ученици од околните градови - Пробиштип, Берово, Гевгелија, Неготино, Кочани и Велес. Тие престојуваат во интернатот на училиштето, кој е веднаш до училишната зграда.

„Училишниот интернат за нас е втор дом, бидејќи поголем дел од времето го поминуваме таму. Условите за живеење се добри, а пред сè, посилна е волјата за учење. Не има речиси од цела Македонија и сме како едно големо семејство. Семејство кое брои 55 члена“, ни раскажа ученикот Баже Јовановски, кој престојува во интернатот.

Училиштето „Кочо Рацин“ има долга традиција, што трае повеќе од 60 години, а во моментов успешно функционираат 12 гимназиски паралелки и 18 паралелки стручно образование. Учениците редовно учествуваат на училишните натпревари и размени што се организираат во и надвор од државата. Тие, покрај солидните услови кои ги нуди училиштето, претставуваат дополнителни можности за мотивација и професионален развој на средношколците. Симона, Иван и Баже се дел од овие ученици кои, кога ќе дојде време, ќе бидат подготвени да ги градат своите професионални кариери.

**Репортер: Катерина Смилева, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ПСИХОФИЗИЧКИ ЗДРАВА НАЦИЈА?

# Спортски терени имаме, треба само да заиграме


фото: Маја Јаневска - Илиева

Продолжение од стр. 1

Помеѓу ретките спортски активности во салата се часовите по физичко воспитување на учениците и групите граѓани кои се собираат и ја изнајмуваат, најчесто за играње фудбал.

Од 35-те спортски сали една беше изградена и во скопската општина Кисела Вода. Таму постојат и неколку спортски игралишта на отворено. Колку за илустрација, во реон од десетина станбени згради во должина на железничката пруга во Кисела Вода има три такви игралишта.

Судејќи според раскажувањата на средношколците и сликата која во неколку наврати ја затекнавме, станува збор за две македонски општини во кои темата „младите и спортувањето“ се наоѓа на различна бранова должина.

- Се собираме со другарите од маало и најчесто играме фудбал. Постојано има некои што спортуваат, доаѓаат и групи како нас, но и возрасни луѓе. Изминативе два-три месеци ретко игравме, бидејќи беше студено, но сега, како што почнува да се затоплува ќе се собираме како и претходно, барем двапати неделно – вели средношколецот Стефан, кого го затекнавме со група од десетина негови врсници на едно од отворените игралишта во Кисела Вода.

## СПОРТСКИТЕ УСПЕСИ СЕ МОТИВАЦИЈА

Луѓето што со години ги следат случувањата и состојбите од полето на спортот, сметаат дека успесите на македонските репрезентации и тимските достигнувања во изминативе неколку години биле причина плус кај децата и младите да се разгори желбата за спортување.

Меѓу нив го вбројуваат настапот на македонската кошаркарска репрезентација на Европското првенство во 2011 година во Литванија, каде што кошаркарите го освоија четвртото место. По ова низ градовите во земјава почнаа да се отвораат и кошаркарски клубови во кои тренираат и основци и средношколци.

Голем интерес се појави кај младите и за тренирање ракомет. На ова му претходеше петтото место од Европското првенство на машката ракометна репрезентација во 2012 година во Србија. Тука е и континуираниот настап и висок пласман во Лигата на шампионите на двата македонски клуба, Вардар и Металург. Овие два клуба денес имаат и свои академии во повеќето градови, каде што децата и младите имаат можност да го следат примерот на нивните спортски идоли.

- Во време кога Интернетот и социјалните мрежи се главна преокупација и интерес на младата популација, за поздравување е интересот што го предизвикува ракометната академија на Металург кај момчињата и девојчињата во државава. Ракометната академија на Металург опстојува веќе 11 години и со секоја изминатата година таа е сè побројна и поорганизирана. Тука тренираат деца од шестгодишна возраст па нагоре, кои преку тренинзи, натпревари и дружење ги учат ракометните вештини и навлегуваат во ракометниот свет – вели Тања Димитриоска, тренерка во академијата на Металург.

Металург во моментот има 30 школи и во нив тренираат над 1.500 деца, чиј број, како што велат, од месец во месец се зголемува. Ракометната академија на Вардар, пак, има дваесетина регионални единици низ Скопје и во другите градови.

## УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ И ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

Покрај самоиницијативните собирања и дружења на спортските игралишта и можностите за професионално занимавање со спорт, надлежните се обидуваат да го вградат спортскиот дух кај младите и преку образовниот систем.

Часовите по физичко традиционално се едни од омилените помеѓу основците и средношколците. Ако постарите генерации сведочат дека физичко било времето кога наставникот ќе ти ја фрли топката и ќе те пушти да играш што сакаш со соучениците, денешните средношколци велат дека повеќето професори се придржуваат до определената наставна програма.

- Играме и ракомет и кошарка, но на секој час претходно се загреваме. Исто така, често имаме и часови на кои од нас се бара да правиме разни вежби, бидејќи професорот ни кажува дека тоа ни е потребно и дека програмата го налага тоа – вели Кристина Цветковска, ученичка во средното скопско училиште „Димитар Влахов“.

Во насока на популаризирање на спортот помеѓу учениците, континуирано секоја година се одржуваат и училишни натпревари во повеќе спортски дисциплини. Помеѓу последните одржани се државните натпревари во футсал за женски и машки, кои се одржаа кон крајот на минатиот месец во Куманово. Во истиот период во Маврово се одржаа и првенствата за скијање за средните училишта.

Од 2007 година фондот на часови во училиштата од два се зголеми на три часа неделно. За овој предмет и понатаму да им биде интересен на учениците во изминативе неколку години се спроведува и проектот „Континуирана едукација на наставниците и професорите по физичко“, под покровителство на Агенцијата за млади и спорт (АМС). Како носители на овој проект се јавуваат и Министерството за образование и наука-Биро за развој на образованието и Факултетот за физичка култура во Скопје.

Проектот опфаќа наставници и професори од основните и од средните училишта во државата и во него се промовираат нови методи за постапките и професорите. Како што објавија спроведувачите на проектот, целта е наставниците и професорите да ги освежат и да стекнат нови неопходни теоретски знаења и практични вештини за промовирање на физичката активност и здравиот начин на живот. Сето тоа треба да придонесе во создавањето на психофизички здрава нација.

Репортер: Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“ и дипломиран студент на Високата школа

## Имаме сали, но и сендвичарници

И покрај сите овие активности за мотивирање и создавање услови за спортување, спроведените истражувања покажуваат дека тоа не е доволно за водење здрав живот помеѓу младите. Покрај тоа што секое училиште има спортска сала, околу секое од нив има и по најмалку две сендвичарници. Неправилната исхрана во изминатиов период предизвика во јавноста да се вклучи алармот на загриженост за прекумерната тежина и дебелината кај децата и младите. Имено, едно истражување, кое пред една година го направи Светската здравствена организација, покажа дека тинејџерите во Македонија се на второ место на листата за прекумерна тежина во Европа. Пред нас е само Малта.

Минатата учебна година се направи едно истражување помеѓу учениците во трета и во четврта година од скопските гимназии „Раде Јовчевски Корчагин“ и „Орце Николов“, од кои дури 40 отсто одговориле дека не појадуваат дома. Ова истражување го спровел консалтинг и тренинг-центарот „Клуч“ и било поддржано и од градот Скопје. Спроведената анкета покажала дека 20 отсто од учениците во кантините јадат салама, кашкавал, павлака, мајонез и кечап. Дванаесет отсто, пак, одговориле дека чоколадата ја сметаат за појадок. Помеѓу информациите од ова истражување се и оние дека 11 отсто пијат газирани сокови, а седум купуваат енергетски пијалаци.



# АКТУЕЛНО: Слобода или смрт за математика на матура


Фото: Тамара Стевковска, III година, СУГС „Јосип Броз Тито“

Знајни и незнајни јунаци се осмелија во изминативе недели и покажаа дека март е променлив исто како и средношколската енергија кога ќе ја допреш по нервот за математика. Се разбира, „математика на матура“ е само топ-тема која ги разбуди средношколците исто како што секој март на крајот, сепак, завршува со пролет. Ги нарeков знајни и незнајни јунаци, а всушност мислам на организирани и неорганизирани средношколци во пленуми и групи кои протестираа различно на иста тема, што пак особено импресионира. Да не биде после дека некој ги организирал сите. „Ставот е мало нешто кое прави голема разлика“. Ова е слоганот што го прочитав на фејсбук-профилот на средношколскиот пленум. Го поддржувам бидејќи секој и сечиј став мора да се слушне, анализира, а зашто не и да се коментира! А ставот на сите групи, пленумци и пленуми за темата задолжително полагање математика за матура е едногласен „Читај: НЕприфатливо за матурантите...сегашни и идни.“. Со аргументи се осмелија средношколците од Скопје, Куманово, Штип, Битола, Велес, а поддршка најавуваат и од другите градови. Некои протестираа, некои само подготвуваа факти и предлози. Но се чини нема одговори на клучните прашања без кои оваа одлука на Министерството за образование едноставно нема логика.

Прашањата се едноставни. Кој ги подготвуваше програмите за бројот на часови по математика за средните училишта во Македонија? Претпоставуваме експерти од Министерството за образование. Зошто во согласност со тие програми за различни насоки во средните училишта се предвидени различен број на часови по математика? Едни имаат два, други три, а трети дури девет часа математика во неделата. Претпоставуваме бидејќи експертите процениле дека секоја струка има различна потреба од математика. Зошто тогаш донесовте одлука сите да полагаме една математика за матура и задолжителна за сите? Па нели програмите за учење во сите струки ги правеа експерти? Изгледа експертите се „незнајни јунаци“ кои сега на мегдан немаат одговор. Одговорот, всушност, е многу едноставен. Ако толку сте загрижени од слабите резултати и од знаењето математика на средношколците, сменете го пристапот во учењето и програмите во согласност со потребите. Ние не сме за умирање на математиката. Ние сме за учење математика во согласност со потребите на идната професија. Математика за матура: ДА, како слобода на избор на идниот студент во струката за која се определил.

ГОРАЗД СРБЉАК, УЧЕНИК ВО ПСУ „АЛГОРИТАМ“, СКОПЈЕ

# Половина средношколец, половина тениски првак






Спортот ги поттикнува натпреварувачкиот дух, борбата и ставот цврсто да застанеш по поразот и да се спротивставиш на секој предизвик. Тенисот ме има сменето како човек. Едноставно те учи дека не треба да се предаваш и оптимистички да гледаш на работите во и надвор од теренот. Ова се зборови на Горазд Србљак, ученик во трета година во средното училиште „Алгоритам“ од Скопје.

Како што сите ние имаме хоби или занимација во слободното време, така има и Горазд. Тој игра тенис од седумгодишна возраст. Но разликата е во тоа што Горазд досега бил многу пати државен првак во разни категории, а од лани почнал да се натпреварува на турнири од светски рамки до 18 години. Досега имал турнири во Мајами, Турција, Русија, Израел, Шведска, Чешка..., а меѓу тенисерите до 18 години Горазд моментално се наоѓа на 130 позиција во светот. Како што вели Србљак, го одбрал тенисот затоа што надмудрувањето со противникот, борбата и победничкото чувство за него е непроценливо.

- „Белиот“ спорт го отвора видикот кон светот и овозможува многу патувања и нови и егзотични дестинации, запознавање и дружба со луѓе и голем избор на можности во иднина. На првиот тренинг се сеќавам добро, бидејќи бев возбуден и беше нешто особено за мене. Како поминуваше времето и турнирите, сè подлабоко навлегував во тенисот и тој стана дел од мене - ни рече Горазд.

Негов идол е Рафаел Надал, за кого вели дека е борец на теренот, кој гине за секоја топка. Меѓутоа, да се постигнат солидни резултати, а да си средношколец е несомнено тешко, па затоа доаѓа и прашањето дали може да се биде и успешен ученик во исто време. Горазд вели дека за да постигнува добри резултати и на терен и во училиште во пресрет му излегла неговата гимназија „Алгоритам“.

Истовремено треба да се тренира и да се постигнува квалитетно образование. Знам дека е тешко да се организира сето тоа, бидејќи и јас сум во таква ситуација. Но сепак, верувам и се надевам дека секој труд и напор ќе се исплати. Секогаш е најдобро да имате повеќе избори и отворени врати во овие години – вели Горазд.

Времето поминато во средно училиште е незаборавно и полно со спомени, барем така мисли и Горазд. Кога ќе се врати од турнирите, тој е уште еден од илјадниците средношколци во Македонија. За средношколските денови Горазд вели дека се можеби и најубавиот период, зашто како што вели тој, се чувствуваш возрасно, а сепак немаш толку обврски и ангажмани и можеш слободно да се посветиш на своите интереси.

Во врска со тенисот, плановите на Горазд за во иднина се да учествува на еден од четирите јуниорски гранслем-турнири. Во поглед на образованието, Горазд по завршувањето на средното образование сака да студира на некој од познатите колеџи во Америка, а доколку остварува добри резултати во тенисот во наредните две сезони, сака да продолжи да се натпреварува на високо ниво.

**Автор: Антонела Јаки, II година, ПСУ „Алгоритам“, Скопје**

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

АНКЕ МИЛЕР, ПРОФЕСОРКА ВО СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“, СКОПЈЕ

# Главна придобивка од германскиот јазик се можностите



Да се биде дел од специјализираната германска паралелка при скопската гимназија „Георги Димитров“ е привилегија, не само поради извонредната можност да се усоврши германскиот јазик, туку и поради непосредниот контакт со германската култура. Нашата директна врска со Германија е професорката Анке Милер, која уште при првата средба ги руши сите стереотипи за Германците како студени или воздржани луѓе. Секогаш позитивна, ведра и подготвена за соработка прифати да ни одговори на неколку прашања за нејзиното искуство како професорка. Нејзиниот ентузијазам да стане професорка, вели, доаѓа од желбата да работи со млади, но и поради одличниот професор по англиски јазик во гимназијата каде што учела, кој бил нејзин идол. Програмата на германското министерство за образование за испраќање германски професори во странство е она што ја довело во Македонија - земја која, како што вели, не е многу позната за Германците.

„Очекував малку потопла клима, меѓутоа позитивно ме изненадија топлите и пријателски настроени Македонци, кои секогаш се подготвени да помогнат. Многупати имав гости од Германија во овие две години додека сум тука и сите тие се одушевени од оваа мала, но прекрасна земја“, ни кажа Милер.

Нејзините часови секогаш содржат интересни дискусии и нов пристап кон учењето. Таа вели дека македонските ученици се попослушни и помалку критични од германските, но мошне мотивирани и работливи. Професорката се обидува да не ја пренесе стереотипната германска култура, туку се труди да ги запознае своите ученици со модерна Германија и со актуелните настани таму, или да ги поврзе наставните содржини со некоја интересна приказна.

„Јас не сакам да ви кажувам дека сите ние таму само пиеме пиво и јадеме колбаси. Јас сакам да ви ја доближам душата на Германија, тамошниот начин на живот, она што не го знаете поради многубројните стереотипи за Германците“, вели Милер.

Според неа, главна придобивка од оваа програма се отворените можности учениците да студираат и работат во Германија, но и да се надминат разликите меѓу македонската и германската култура. И покрај тоа, професорката Милер вели дека не би сакала да продолжи иселувањето на младите луѓе од Македонија.

„Ова е прекрасна земја, а вие како ученици имате голем потенцијал што треба да се искористи на вистински начин овде“, ни порача на крајот од разговорот професорката од Германија.

**Автор: Ана Јанева, ученичка во СУГС „Георги Димитров“, Скопје**



# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

ИЛИНА ДИМОВСКА, II-2,
СОУ „КО ЧОРАЦИН“, ВЕЛЕС

## Екстерно или екстремно?



Екстерно или екстремно? Да, тоа е компјутерското тестирање на средношколците на крајот на учебната година. Тестирање со кое се омаловажува целиот професорски кадар, а воедно и сите средношколци. Како? На учениците им се дадени двесте прашања за учење по одреден предмет три дена пред да полагаат екстерно. За време на екстерното, учениците треба да одговорат на триесет прашања по случаен избор и точноста на одговорите на тие триесет прашања треба да биде мерило за знаењето на ученикот во текот на целата година.

Очигледно МОН смета дека компјутерски систем со случајно генерирани прашања може да го оцени ученикот подобро отколку професор кој цела година го следел ученикот и го проверувал неговото знаење. По истакнување на резултатите од екстерното, кај оние предмети кај кои има разлика од две оценки помеѓу оценката на ученикот од екстерно и оценката на професорот за ученикот, професорот е казнет со намалување на платата за 15 проценти месечно. Меѓутоа, не само писмените одговори се вклучени во оценката на еден ученик. Во оценката спаѓа и активноста на часот, усните одговори, редовност на час, домашни задачи, проекти и слично. Дали ова значи дека МОН ги омаловажува професорите? Професори со долгогодишно искуство, професори кои се посветиле и сè уште се посветени на својата работа и се успешни во тоа.

Јас како средношколка сакам достојно образование, но екстерното тестирање ја прелива чашата. Не треба да дозволиме нашето знаење да биде оценето со тестови на среќа (триесет прашања со заокружување на кои можам да се снајдам со еци-пеци-пец), ниту, пак, да дозволиме квалитетот на нашите професори да биде оценет со истите тие тестови. Има многу дупки во целиот овој систем на оценување. Има професори т.е. тестатори кои строго забрануваат препишување, додека има тестатори кај кои сè е дозволено, па дури и тие им помагаат на учениците во решавање на тестот. Дали на овој начин оценувањето е фер? Дали е фер еден ученик да учел, да бил кај строг тестатор и да биде оценет со четворка, додека ученик кој не учел и бил кај тестатор кој дозволувал препишување да биде оценет со петка? Секако дека не е фер.

Не го пишувам ова само од личен аспект, го пишувам ова во име на поголемиот дел, ако не и сите средношколци. Во нашите очи, екстерното тестирање не е ништо повеќе од непотребна реформа спроведена не за доброто на сите кои се вклучени во образовниот процес на државава туку за привлекување внимание, отежнување на образовниот процес и влевање страв кај професорите, а и кај учениците. Доколку надлежните сакаат квалитетно образование, сакам да им препорачам наместо да нè тераат нас учениците да функционираме како роботи и да учиме напамет, нека воведат реформа со која ќе нè мотивираат, ќе ја поттикнат нашата креативност, ќе ни ја зголемат желбата за добивање вистинско знаење, а не високи оценки. Бидејќи на крајот на денот, нивно беше мотото „Знаењето е сила, знаењето е моќ“.

Не, очигледно не е така. Бидејќи јас како средношколка можам да потврдам дека поголем дел ученици учат за оценка. Учат кампањски и напамет. И кога ќе помислиме дека на крајот на учебната година нè очекува екстерно, се создава напната атмосфера, кога секој гледа што е можно повеќе да научи напамет. Тоа е тоа што треба да го елиминираме од нашиот образовен систем. Да се бориме за знаење и за правилна едукација, а не очите да ни бидат вперени само во оценката.

ЈАНА ЧОЛАКОВСКА, ПРИВАТНИ ГИМНАЗИИ „НОВА“

## (Не)компатибилноста на знаењето и образованието



Актуелните протести за високото образование отворија голем број дебати за природата на самото образование. Што навистина ме заинтригира по овие јавни дебати беше врската помеѓу образованието и знаењето. Многумина од нас знаењето би го поврзале со училиштето, со образованието како институција. Но за мене како средношколка е вознемирувачки кога образованието веќе не е компатибилно со поимот знаење.

Се сеќавам дека како второодделенка мислев дека училиштето е неважно и досадно. Сега се срамам од таа егоцентричност која, веројатно, произлегла од момент на беспомошност кога не сум ја разбрала домашната по математика. Ми требаа неколку години да разберам дека образованието, всушност, ми помогна да одредам во кои работи сум добра, а во кои треба да вложам повеќе труд. Ми помогна да разберам кои работи сакам да ги правам, да ги истражувам и да ги читам. Но сепак, образованието до некој степен може и да нè обесхрабри. Тука е и главната контрадикција.

Имам многу другари и другарки кои кога и да ги видам се под постојан стрес поради училиштето. За да не ме разберете погрешно, јас не велам дека образованието е неполезно, напротив. Но сепак, петнаесет предмети не се малку. Во потрага по знаењето, образованието еволуирало во институција каде што се бара успех во секое поле за некој да се нарече успешен. Ако одреден ученик е талентиран поет, математичар или сликар, но не е добар во другите предмети, тој се оценува како недоволен. Таа констатација ме револтира, бидејќи е нереалистично еден човек да биде заинтересиран за секое поле од образованието. Тоа што најмногу ме револтира е како се гледа на учениците што не се успешни во сè.

Ова мислење за што е успешно, а што не е успешно, според мене, е главната причина зашто толку ученици, едноставно, се изморени од образованието. Како што веќе напоменав, образованието и знаењето се сметаат за едно исто, а доследно на тоа учениците не само што се обесхрабрени од образованието, туку за жал, и од знаењето. Ме радува и ме прави горда тоа што во последниве неколку месеци македонските ученици излегоа на улиците и покажаа дека се жедни за знаење, но само ако тоа е ефективно спроведено, докажувајќи дека образованието и знаењето треба да нè охрабрат во новите експедиции кон интелектуалното надградување.

АЛЕКСАНДАР СОКОЛ ЧЕВСКИ, II ГОДИНА, СЕТУГС „МИХАЈЛО ПУПИН“, СКОПЈЕ

## Младинскиот активизам и ние



Младинскиот активизам е индикатор на здравјето на едно општество. Тој активизам покажува колку едно општество е демократско, во која мера ги почитува непишаните етички закони универзални за граѓанските демократски општества во 21 век. Колку овие вредности се присутни во една генерација која со сите свои претензии и особини еден ден ќе го управува општеството во кое расте и созрева е тема за дискусија.

Факт е дека нашата генерација расте во хаотично и можеби несоодветно општество. Ако се земе предвид дека со користење на комуникациските можности денес секој може да види до каде сме во секој сегмент на општественото живеење во споредба со земјите кон кои се стремиме да се приклучиме, си давам за право да размислувам дека доколку нема друг начин, младинскиот активизам е клучот со кој може да се укаже на грешки во хаосот. За жал, мислам дека младинскиот активизам, кој денес се обидува да остави некаков печат со своето дејствување, е само бледа сенка на она што навистина треба да биде. Толку е очигледно дека голем дел од тие активности се изнудени, а за жал, по одреден периоди изманипулирани од поголемите играчи на сцената наречена политика, во која младите поради немање искуство се само дел од сложувалката на нечии интереси.

Како тогаш да заживее овој дел од општественото живеење на младите? Многу едноставно, сè се учи и станува дел од однесување, начин на размислување и гледање на нештата на секој поединец кој стекнува навика да носи одговорни одлуки за себе, но и за другите. Секоја чест на поединци свесни за моќта на сопствениот збор и дело, но уште многумина од нас треба да учат дека во себе носат енергија, а сигурно и желба да направат барем мал исчекор во подобрување на општеството во кое растат и претендираат да живеат. Не верувам дека сите сакаат да се иселат од ова парче земја.

Научете нè како да се бориме за своите права, не само кога сме засегнати лично. Научете нè да не се плашиме да го искажеме сопственото мислење и став. Научете нè да веруваме дека верувате во нас и во она што ние ќе го градиме. Ако има кој да нè научи.

АНАСТАСИЈА СПИРОВСКА, I-8,
СОУ „ПЕРО НАКОВ“, КУМАНОВО

## Чувари на бисерите



До-дека вие занесно ме слушате, јас морам претпазливо да раскажувам. Го помнам првиот ден во ова училиште... Се сеќавам дека барав многу работи, многу пријатели. Но колку и да се трудев, се чувствував како да сум архива, неуредена, со многу полици, во која не можев да го најдам она што го барав. Си ги слушав сопствените чекори кои не беа веќе мои. Во мене се́ одекнуваше, треперев, а тие треперења станувaа силни вибрации, како да бев кула од карти која тие ќе ја срушат. Гледав луѓе, а никаде човек. Дали стравував од пловењето во нечии туѓи животи, иако другите со леснотија тоа го правеа? Бев на некое познато место, а сепак непознато. Блиску, а толку далеку од сите. Такви беа првите денови. Чувствував нешто застрашувачко, а не знаев што е.

Се надевав барем дека ти ќе си тука - ми рече некој прегрнувајќи ме. Во мигот како да најдов бисер на некоја полица, на онаа заборавена, на крајот од ходникот. Токму тој бисер ме мамеше, ме влечеше и повлекуваше, бараше од мене да пронајдам уште такви како него, велејќи ми дека се скриени онаму каде што невидливото за мене ќе е видливо. Тој негов глас ме смируваше. Почнав уште такви да барам. И, да, сфатив дека ги има многу, но не беа сите целосни. Скршени и оштетени во немоќ ги бараа своите делчиња. Посегнував по нив надевајќи се дека ќе ги спојам. Но тогаш некој раката ми ја скаменуваше. Не забележав дека има некој кој сите нив ги чува. Некој кој не им дозволува да бидат целосни. Се обидував да има кажам дека можат заедно да успеат, сите да се обединат...

Како да го слушнаа внатрешниов глас. И, да, конечно станавме свесни, знаевме дека тоа е наш заеднички успех. Еден ден, можеби, ние ќе треба да бидеме чувари на тие бисери, но дали ова е вистинскиот начин? Дали наметнувајќи им правила, ние ќе ги споиме или уште толку ќе ги распарчиме? Потребно е да се сфати дека сите ние живееме во ист свет, но ниеден од нас не е ист. Јас знам да напишам песна, ти знаеш да израмниш хемиска равенка, тој, пак, совршено ќе ти раскаже кој е Александар Македонски, што се случило во 1915 година во светот.

И наместо да барате различни богатства, сочувајте не́ нас. Ние сме тоа богатство кое треба да се обработи и вредноста да му се зголеми. Наставниците и учениците. Да, ние сме тие. Наставниците не́ научија на највредните работи во животов. Секојдневно ни го покажуваат светлиот пат, но и не́ предупредуваат на суровоста. Ние, учениците, секојдневно им ги насмевнуваме лицата со нашите досетки, со љубовта ги растреперуваме. Ние сме им поддршка и тие наша. Ние средношколците се будиме од зимскиот сон. Ние ја сфаќаме вредноста на она што се вика образование. Нашата иднина ќе биде посветла единствено ако светилката во мозокот ја вклучиме и јасно ги бараме нашите права. Само заедно ќе успееме, деновите ќе ги избоиме во најубави бои, бои мои и твои. Јас мислам вака. А вие, што мислите вие?

**Ментор: Фросина Милошевска, наставничка по македонски јазик и литература**

ХАРИС БА ЧЕВАЦ,III-1, СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

## Македонија - мала Сахара



Знам дека сега е март и дека е кочан ладно и на никого не му е гајле за глобалното затоплување, но за тоа мора да се зборува за да некако ставиме крај на убивањето на нашата планета. Климатските промени се вистински, за нив сосема се виновни луѓето, а со самото тоа треба да поднесеме одговорност за направеното. Поради тоа сите мораме да сфатиме дека заедно треба да дејствуваме, за да последиците кои можат да се случат, навремено да се спречат.

Голем број научници и експерти на полето на климата и климатските промени сметаат дека светот оди во сигурна пропаст и дека на човештвото му се заканува вистинска катастрофа. Врз основа на голем број научни студии, просечната температура на земјината атмосфера во следните сто години ќе се покачи за цели четири степени. Ни изгледа како нешто што не треба да биде алармантно, но верувајте, тоа е само поради нашето незнаење. Доколку тоа се случи, помеѓу другото, а веќе насловот и навести, Балканскиот Полуостров, а заедно со него и цела Јужна Европа би се претвориле во вистинска пустина. Африканската пустина би се проширила со погубни последици за тамошната човечка популација. Снегот би го снемало од Хималаите, а тоа би иницирало промена на коритата и водните текови од кои зависат две милијарди луѓе.

Ни американскиот континент не би бил поштеден, особено не Андите. Топењето на снегот од овие планински венци би довело до можни поплави, но и недостиг од вода за пиење, со што во прашање би била донесена егзистенцијата на многубројните популации. Големи површини на шуми би биле опустошени од долгите и суви лета, а целокупната флора и фауна би била на вистински удар. Екстремните климатски феномени како што се силните ветрови, разни луњи и циклони вистински би се зачестиле. Порастот на нивото на морето би предизвикал огромни миграции, со што некои градови би биле потопени, а некои пренаселени. Сите овие сценарија се можни, тврдат научниците, и тоа до крајот на векот.

Набројав толку многу проблеми кои би можеле да настанат, а го изоставив главниот фактор поради кој сето ова се случува или ќе се случи. Тоа е зголемената концентрација на штетните гасови во атмосферата кои го предизвикуваат ефектот на стаклена градина, меѓу кои најзначаен е јаглерод диоксид, а тој е толку зголемен најмногу поради форсирањето на фосилните горива. Концентрацијата на јаглеродниот диоксид од индустриската револуција, па сè до денес е зголемена за 39 проценти, што е вчудовидувачки многу.

Постои надеж! Сите стравови на владите во светот и на фабрикантите се неосновани и непотребни. Економијата нема да биде забавена ниту ќе биде потребно да се отпуштат голем број луѓе. Студиите покажуваат дека инвестициите кои би биле вложени во „зелената технологија“ не се толку високи во однос на тоа што тие го носат. Светот целосно треба да се сврти кон обновливите извори на енергија како што се сонцето, ветерот, океаните. Силата на ветерот би можела да задоволи 30 проценти од вкупната светска потреба за енергија. Ветрот не е константен, но тогаш кога го има ослободува големо количество енергија преку ветерници во кои би требало вистински да се инвестира. Сонцето, пак, обезбедува уште поголемо количество енергија, дури и повеќе од потребното. Технологијата која сега ја имаме не може да ни го овозможи тоа, но со нејзино планирано развивање би биле во состојба да создадеме големи соларни панели кои ќе можат да го реализираат горенаведеното.

Заклучокот доаѓа сам по себе. Односот кон природата мора да се смени, за да не се смени нејзиниот однос кон нас. Тогаш природата нема да нè штеди.



## (ДЕ)КОНСТРУИРАЈ ГИ МЕДИУМИТЕ
### ПРОЕКТ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# „ИЗРАЗИ СЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ“ беше презентиран пред средношколците

Тимот предавачи од Високата школа го презентираше средношколскиот конкурс за избор на најдобар медиумски производ „Изрази се преку медиумите“ низ средните училишта во повеќе градови низ Македонија.



Учениците од гимназиите од Скопје, Велес, Штип, Неготино, Охрид, Кичево, Кавадарци, Битола, Струмица, Гевгелија, Валандово и од Куманово дознаа како може да се пријават на конкурсот, кој оваа година е насловен „(Де)конструирај ги медиумите: најди го значењето зад пораката“.

Целта на овој конкурс е да се поттикне медиумската писменост кај младите, кои на креативен начин ќе покажат дека преку изработка на фотоприказна, постер или видео ќе умеат да ги протолкуваат и критички оценат медиумските содржини на кои се постојано изложени. За конкурсот известуваа повеќе национални и локални медиуми.

По крајниот рок на конкурсот, 23 март, комисија составена од предавачи на Високата школа, графички дизајнери, уредници и новинари ќе ги избере најдобрите медиумски производи. Авторите средношколци ќе бидат наградени со таблет, видеокамера и фотоапарат, а сите производи ќе бидат објавени на средношколскиот портал www.medium.edu.mk.

Повикот за најдобар медиумски производ е дел од активностите на Високата школа за унапредување на медиумската писменост кај младите, кои пред сè се реализираат преку средношколскиот весник „Медиум“ и во соработка со новинарските секции. Годинашниот конкурс е поддржан од Амбасадата на САД во Македонија.

А.Т.

## СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Кристијан Гуновски (17 г.), Велес

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## СОВЕТУВАМЕ

# БЕЗБЕДНИ ПРАКТИКИ ЗА Е-ТРГОВИЈА

Благодарение на Интернет имаш пристап до неверојатни пропорции на онлајн-пазарот. Покрај предностите на онлајн-трговијата, постојат неколку недостатоци и ризици кои треба да ги знаеш за да имаш позитивно онлајн-пазарно искуство.




## Кои се предностите на онлајн-купувањето?

- Удобно е. Производот може да го купиш и да ти го достават до дома и да добиеш електронски запис за набавката, плаќањето и испораката.
- Постојат многу различни начини да се плати: кредитни картички, плаќање преку интернет-услуги, подарок-картички, кои ти овозможуваат да контролираш колку пари може да потрошиш.
- Има вградени безбедносни алатки: многу сајтови се опремени со икони и предупредувања кои ти помагаат да се заштитиш себеси од измами.
- Лесно е да направиш истражување пред да го купиш производот и услугата.

## Кои се ризиците на онлајн-купувањето?



- Онлајн-купувањето може да биде премногу удобно: лесно да се занесеш во различни нешта достапни на Интернет.
- Внимавај на поволните цени: може да има многу скриени трошоци.
- Измами кои нудат договори кои се премногу добри за да бидат вистинити, продажба на стоки кои се фалсификувани, оштетени, украдени или, едноставно, не постојат.
- Корисничките информации се архивираат од продавачите и може да се злоупотребат.

## Како да се заштитите

- Користи кредитна картичка - обично имаат силна заштита против кражба на идентитет.
- Користи картички за еднократна употреба, картичка за подарок или кредит од интернет-страницата. Начинот на плаќање е комплетно анонимен.
- Важно е компјутерот да ти биде опремен со најновите безбедносни карактеристики.
- Биди претпазлив. Многу апликации на твојот паметен телефон и таблет имаат можности за надградби, кои се несигурни.



- Информирај се. Пред да купуваш, истражи со кого правиш бизнис. Исто така, работите може да бидат опишани на начин и јазик што не соодветствува со она што всушност се продава.
- Плаќај фер. Примамливите поволни цени може да се за стоки кои се украдени или добиени нелегално на друг начин.
- Извести за измамата за да не бидат измамени и други луѓе.
- По купувањето испечати една копија од трансакцијата или зачувај ја на твојот компјутер.
- Одјави се, за корисниците по тебе да немаат пристап до твоите сметки.

Извор: www.mediasmarts.ca